# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВИНИЦА ЗА 2007 ГОДИНА

**I. ВОВЕД**

Во извештајот за работатата на Основниот суд во Виница за 2007 година се дадени податоци за обемот на работата на судот за 2007 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот на работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршувањето на работата, судската управа, како и оценки за работата на судот и судиите.

**II. ОБЕМ НА РАБОТА**

Обемот на работата во судот ги опфаќа предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот од казнивата и граѓанската област на правото, прикажани преку сумарниот преглед на предметите по овие области ( Табела бр.1), опис на предмети по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2007 година, вкупно предмети во работа во 2007 година, решени предмети во 2007 година, нерешени предмети со состојба на 31.12.2007 година и однос на намалување односно зголемување на незавршените предмети на 31.12.2007 година во однос на нерешените предмети на 01.01.2007 година.

**А.ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА РАБОТА ВО СУДОТ ВО 2007 ГОДИНА. (Табела бр.1)**

Движењето на обемот на предметите за работа во судот е даден во табела бр.1

Од прегледот може да се заклучи дека на 01.01.2007г. останати предмети од претходната година има 1098, примени нови во 2007 година има 3724 предмети, или вкупно во работа биле 4822 предмети, од кои решени се 3476 предмети а останале нерешени 1346 предмети. Во 2007г. има зголемување во однос на 2006година за 248 предмети.

**Б. КАЗНИВА ОБЛАСТ**

**1. Истражни предмети**

На 01.01.2007година останале нерешени 6 истражни предмети, примени во 2007 година 15 предмети или вкупно биле во работа во 2007 година 21 предмети. Завршени се 17 предмети, останале на 31.12.2007 година 4 нерешени предмети. Во однос на 2006 година, заостатокот на предметите е намален за 2 предмети .

Од незавршените предмети 1 е на вештачење во Бирото за судски вештачења.

Во 2007 година мерка притвор не е определено во ниту еден предмет.

Проблеми воочени во извештајната година во работењето на истражниот судија се ненавременото вештачење од страна на Бирото за судски вештачења, отсутноста на лицата од местото на живеење, неуредна достава, неодзовувањето на поканите од судот, најголем број од лицата против кои се спроведува истрагата се приведени во судот со наредба а слично е и со сведоците, дел од барањата за спроведување на истрага од Обвинителството се неквалитетно изработени и во поголем дел во текот на постапката во истрагата не присуствува обвинителот.

**2. Истражни дејствија**

Од претходната година останале нерешени 6 предмети, примени се во работа во 2007 година 19 предмети, или вкупно во работа во 2007 година биле 25 предмети. Завршени во 2007 година има 23 предмети, останале незавршени 2 предмети. Во однос на 2006 година заостатокот на предмети е намален за 4 предмети .

Од незавршените предмети 1 е на вештачење во Бирото за судски вештачења.

**3.Кривични предмети против полнолетни лица**

**а)Движење на предметите**

Од 2007 година останале нерешени 12 кривични предмети, примени во работа во 2007 година 56 предмети, или вкупно во работа во 2007 година биле 68 предмети. Завршени предмети во 2007 година, има 50 предмети, останале незавршени предмети на 31.12.2007 година 18 предмети.

**б) Жалбена постапка по кривични предмети**

Во 2007 година, од вкупно решените 50 предмети, по жалба биле 26 предмети, од тоа потврдени 16 предмети или 59,25%, преиначени 1 предмет или 3,7%, и укинати 10 предмети или 37.03%. Процентот од вкупно решените предмети изнесува 32% потврдени, преиначени 2% и укинати 20%

**в) Ефикасност во кривичниот прогон**

Односот меѓу ефективно изречените казни и условната осуда како и времетраењето на постапката, ја покажува ефикасноста во кривичниот прогон. Осудителни има 36 предмети. Траењето на постапката по 43 предмети изнесува до 3 месеци, по 5 предмети над 3 до 6 месеци, 1 предмет над 6 месеци до 1 година и 1 предмети над 1 до 2 години.

**г) Казнена политика**

Во 2007 година се решени 50 предмети од кои осудителни има 36 пресуди, ослободителни 2 пресуди (подносител ОЈО-Кочани), 2 одбивателни пресуди (подносител ОЈО Кочани), со запирање на постапката 7 предмети (подносител: 1 предмет -ОЈО Кочани и 6 предмети приватен тужител) и 3 предмети отстапени во надлежност на друг суд.

Односот помеѓу осудителните, ослободителните, и одбивателните пресуди е: 72% осудителни, 4% ослободителни, 4% одбивателни пресуди и со запирање на постапката 14%.

**д)Вонредни правни лекови во кривичните предмети во 2007 година**.

Во 2007 година има поднесено 1 барање за заштитаназаконитоста и истото е уважено, 4 барања за вонредно ублажување на казна од кои 2 се решени (1уважено , 1 одбиено) и 2 не се решени, 11 молби за помилување. Поднесени се 6 барања за повторување на кривичната постапка од кои 4 се решени ( 3 се уважени и 1 е одбиено) .

**ѓ) Извршување на кривични санкции**

На 01.01.2006г. останале неизвршени 20 кривични санкции, примени уште 41 предмети или вкупно во работа имало 61 предмети. Извршена е санкцијата по 22 предмети, останале неизвршени 39 кривични санкции од кои по 5 предмети е одложено извршувањето на казната. По 1 предмета има распишано меѓународна потерница, а за 30 предмети дадени се наредби за приведување заради упатување на извршување на казната и ургенции заради тоа што се уште не се извршени од МВР-ОВР Виница. Причина за неизвршувањето во дел од предметите по кои е

дадено наредби за извршување до МВР-ОВР Виница е непостапувањето на надлежното Министерство за внатрешни работи по нив.

**5. Прекршочни предмети**

**а)Движење на прекршочните предмети**

На 01.01.2007година останале нерешени 311 предмети, примени во работа во 2007 година 1339 предмети, вкупно во работа во 2007 година 1650 предмети. Во 2007 година се решени 1046 предмети, останале нерешени 604 предмети.

**б) Жалбена постапка**

Во 2007година по жалба биле 89 предмет од вкупно решените 1046 предмети.

Необжалени се 957 предмети.

Од обжалените 89 предмети, потврдени се 39 предмети или 43,82%, преиначени 29 предмети или 32,58%, и укинати 21 предмети или 23,59%.

Од вкупниот број на решени предмети потврдени се 3,73%, преиначени 2,77%, и укинати 2%,

Од вкупниот број на донесени одлуки 1046 необжалени се 957 предмети или 91,49%.

**в) Ефикасност во прекршочниот прогон**

Ефикасноста во прекршочниот прогон се однесува на соодносот помеѓу изречените казни од вкупно решените предмети.

Од вкупно решените 1046 предмети, во 656 предмети е изречена казна или 62,72% , запрена е постапката по 151 предмети или 14,43% (од кои во 68 предмети постапката е запрена поради застареност а во 83 предмети постапката е запрена од други причини), и донесени решенија по 256 предмети односно 24,47%.

**г)Казнена политика**

Од вкупно решените 1046 предмети во 2007 година се донесени 807 пресуди и 256 решенија од кои :

со ефективна казна 656 предмети и со прекршочна опомена 256 предмети. Во вкупно донесените пресуди опомените се застапени со 28,07%.

**д) Мерки за безбедност**

Мерки на безбедност се изречени во 144 предмети, по области: по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата 134, по Законот за шумите 4, Закон за пари 1, Закон за царина 2, Закон затрговија 1, Закон за ветеринарно здравство 2 .

**ѓ)Вонредни правни лекови**

Во судот по прекршочните предмети завршени со правосилна пресуда е поднесено барање за повторување на постапката по 2 предмети од кои едно барање е отфрлелно а другото не е решено. По 2 предмети е поднесено молба за изречување на единствена казна .

**е)Извршување на прекршочни санкции**

На 01.01.2007г. останале неизвршени 531 предмети, примени се во работа во 2007 година 1288 предмети, вкупно за извршување имало 1819 прекршочни предмети.

Извршени се 1374 прекршочни санкции, а останале неизвршени 445 предмети или има намалување во однос на претходната година за 86 предмети.

Од вкупно извршените предмети 2270 наплатени казни се по 161 предмети, испратени на извршување во друг суд 460 предмети од кои за 34 предмети судот е известен дека се извршени (за останатите предмети не е известен судот), испратени

наредби во ОВР Виница по 37 предмети, испратени на извршување до Јавно правобранителство на РМ- 625 предмети и застарени 91 предмет (46 предмети за кои судот нема уредна достава, по 24 предмети лицата се во странство а 21 предмети се со ненаплатени паушални трошоци).

## В. ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

### 1.Граѓански предмети

#### а). Движење на парнични предмети

На 01.01.2007година останале нерешени 45 предмети, примени се во работа 530 предмети, или вкупно во работа 575 предмети од кои решени 452 предмети, останале нерешени 123 предмети, има зголемување за 78 предмети.

Со пресуда се решени 151 предмети или 33,41%, со спогодба се решени 146 предмет или 32,30% и на друг начин се решени 155 предмет или 34,29 %

#### б).Жалбена постапка

Во текот на 2007 година обжалени биле 70 предмети, од кои се потврдени 43 предмети или 61,4%, преиначени 3 предмети или 4,28%, и укинати 13 предмети или 18,57%.

Према вкупниот број на решените 452 предмети, потврдени се 9,51%, преиначени 0,66%, и укинати 2,88%.

#### в).Вонредни правни лекови

Во 2007 година поднесено е ревизија по 5 предмети. Од страна на Врховен суд одлуките се потврдени.

Во 2007 година Барање за заштита на законитоста е поднесено по 2 предмет , истите се одбиено .

### 2.Оставински предмети

На 01.01.2007година останале нерешени 19 предмети, примени се во работа 112 предмети или вкупно во работа во 2007 година имало 131 предмети, од кои решени 1120 предмети а останале на 31.12.2007година нерешени 11 предмети. Овие 11 предмети не се решени поради отсутноста на наследниците од местото на живеење.

Жалба е изјавена по 1 предмет , одлуката е потврдена.

### 3.Вонпроцесни предмети

На 01.01.2007г. останале нерешени 5 предмети, примени се 29 нови предмети или вкупно во работа била 34 предмети, од кои завршени 29 предмети, а останале 5 предмети незавршени.

Во овие предмети се евидентирани збирно разни граѓански и ВПП предмети .

### 5.Извршни граѓански предмети.

На 01.01.2007г. извршни граѓански предмети имало 138 предмети, примени нови предмети во работа нема, од кои се завршени 55 предмети а останале не извршени 83 предмети, има намалување за 55 предмети .

Против дозволеното решение за извршување по извршените предмети има поднесено 2 приговори и тие се решени.

### 6.Платни налози.

Во 2007 година поднесени се 221 тужби со платни налози од кои 207 се решени со издавање на платни налози и 14 предмети на друг начин. Поднесени се 7 приговори против издадените платни налози.

До Претседателот на судот поднесени се 6 приговори за отстранување неправилности при извршувањето од извршителот и сите се решени од кои 2 се усвоени, 3 се одбиени и еден е повлечен.

## III. АЖУРНОСТ

### А. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста на судот е прикажана преку совладување на приливот на предметите; времето на решавање на предметите; бројот на старите нерешени предмети; и месечниот заостаток на предметите .

#### 1.Ажурност према совладувањето на приливот на предметите во текот на годината

Спрема овој критериум судот не се смета за ажурен ако не го совлада приливот на предметите во текот на годината.

Од прегледот (Табела бр.1) може да се заклучи дека од приливот во текот на годината од 3724 предмети, се решени 3476 предмети или 93,34%, што значи дека судот ажурно работел а приливот не го совладал за 6%.

#### 2.Ажурност спрема времетраењето на постапката (Табела бр.10)

Спрема овој критериум се прикажува времетраењето на решавањето на предметите во судот и тоа предмети решени до 3 месеци, предмети решени од 3 до 6 месеци, предмети решени од 6 месеци до 1 година, предмети решени од 1 до 2 години и предмети решени над 2 години. (Табела бр.10)

Во прегледот на траењето на постапката (Табела бр.10) се прикажани вкупно решените: истраги, кривични предмети за полнолетни лица и парнични предмети во 2007 година, од тоа истраги 17 предмети, кривични предмети за полнолетни лица 50 предмети и парнични предмети 452.

Према времетраењето :

- до 3 месеци траела постапката по 393 предмети
- од 3 до 6 месеци траела постапката по 94 предмети
- од 6 месеци до 1 година траела постапката по 21 предмети,
- над 1 година постапката траела по 11 предмети.

Во траење на постапката до 3 месеци се решени 75,72%, од 3 до 6 месеци 18,11%, од 6 месеци до 1 година 4,04%, и над 1 година 2,12%.

Ако понатаму ги групираме во две групи ќе добиеме до 6 месеци предметите се решавани во 93,83% а над 6 месеци во 6,16%.

#### 3.Ажурност спрема бројот на старите нерешени предмети (Табела бр.12)

Спрема овој критериум за стари предмети ќе се сметаат незавршените предмети кои за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година. (Преглед на нерешени стари предмети-за 2006 година- во прилог).

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел нема.

Стари нерешени предмети во граѓанскиот оддел има само 1 предмет и тоа :

- еден парничен предмет од 2005 година и тоа П.бр. 143/05(причина за одолговлекување на постапката е одложување на главната расправа по барање на полномошникот на тужителот, поради изведувањето на доказ со распит на тужителот кој се наоѓа во странство)

Извршни стари предмети има вкупно 37 и тоа: од 1999година - 1 предмет, од 2001 година 1 предмет, од 2002 година 2 предмета, од 2003 година 6 предмети и од 2004 година 27 предмети.

Најголем број на стари нерешени предмети се од извршните предмети 37 на број.

Во 21 случај од неизвршените предмети, причина за неизвршувањето е тоа што лицата против кои е насочено извршувањето се во странство, во 11 предмети

лицето против кое е насочено извршувањето е недостапно не престојува постојано во местото на живеење и др. и во 5 случаи лицата према кои е насочено извршувањето се корисници на социјална помош.

**4.Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предмети од страна на судиите**

Спрема овој критериум како апсолутно ефикасен суд ќе се смета оној суд кој има заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети за работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кои заостатокот на нерешени предмети изнесува 1 година или повеќе ќе се сметаат како не ефикасни судови.

Согласно овој критериум се дадени нерешени предмети на 31.12.2007г. како и просекот на решените предмети во текот на извештајната година за 10,5 месеци кој изнесува 331 предмети месечно, ако заостатокот на предмети во судот од 1346 предмети се подели со 331 предмет се добива заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат за 4,1 месеци.

Согласно овој критериум Основниот суд Виница е ефикасен суд.

При ценењето на ефикасноста на работењето на судот треба да се има во предвид фактот што од месец април 2007 година во Основниот суд Виница активно работат само двајца судии, бидејќи двајца судии заминаа во пензија а еден судија беше привремено отстранет од вршењето на судијската функција.

Основен суд Виница , 29.01.2008год.

**Претседател на судот,**
**Васка Петрова**